МАКПЕТРОЛ
„МАКПЕТРОЛ“ АД
ул.„Св. Кирил и Методиј“ бр.4
1000 Скопје, Македонија

"МАКПЕТРОЛ"
Акционерско друштво за промет
со нафта и нафтени деривати
Бр. 0302-1672/1
27. 02. 2018 20___год.
СКОПЈЕ 10

1947 2017

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Г-ин Илир Шабани**
**1000 Скопје**

**Предмет:** Предлози во врска со Предлог-законот за изменување дополнување на Законот за трговија

Макпетрол АД Скопје, чија претежна дејност е трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници, во вршењето на својата дејност го применува и Законот за трговија, по чии предлози за изменување и дополнување се произнесуваме како следи:

**1.**Заради надминување на негативното влијание кое дел од предложените измени и дополнувања на Законот го имаат врз нашето работење, како и врз работењето на останатите субјекти на пазарот, кои покрај тоа што вршат продажба на мало на моторни горива на бензинските станици вршат и продажба на други стоки, предлагаме да се укине членот 24-а со кој се забранува продажбата на алкохолни пијалоци во продавниците во состав на бензинските станици.

Ова од причина што со забраната од членот 24-а став 1 се ограничува работењето на трговските субјекти во однос на стоките за продажба – алкохолните пијалоци а со нашиот предлог за негово укинување ќе се постигне изедначување на трговските субјекти во однос на можноста да вршат продажба на овој вид на стока.

Причина повеќе за вака дадениот предлог е и фактот што и самиот предлагач на Законот за измена и дополнување на Законот за трговија, наведувајќи ги целите и начелата за предлогот на Законот, истакнува дека со предложените измени, ќе се постигне зголемување на бројот на лиценцирани малопродажни објекти, а со тоа и ќе се зголемат приходите во Буџетот на Р.Македонија по основ на уплатен надоместок од лиценци за продажба на алкохолни пијалоци, како и дека со зголемувањето на продажбата на алкохолните пијалоци, ќе се зголемат приходите во Буџетот на државата по основ на наплатени акцизи и ДДВ.

Републлкика Македонија, како држава која има за цел влегување во Европската заедница, би требало и со законската регулатива да ја подобрува деловната клима и да создава либерални услови и недискриминација на трговските субјекти.

За споредба - во најголемиот дел од европските земји како и во регионот, дозволено е продажба на алкохолни пијалоци на бензинските станици и сметаме

тел: +389 2 311 21 44 • факс: +389 2 311 15 25; 311 92 32 contact@makpetrol.com.mk • www.makpetrol.com.mk

дека не постои некоја посебно оправдана причина за забрана на продажба на алкохолни пијалоци на бензинските станици.

Напоменуваме и дека оваа одередба која го ограничува правото на продажба на алкохолни пијалоци на одделни субјекти на пазарот, би била во спротивност со Уставот на РМ, со оглед на тоа што државата треба да обезбедува еднаква положба на сите субјакти на пазарот.

**2.** Во член 23-а, во врска со основицата за пресметување на надоместокот за продолжување на лиценца за продажба на алкохолни пијалоци, во став 8 алинеа 2, наместо да стои "од вкупниот промет остварен во претходната година", предлагаме да стои "од прометот на алкохолни пијалоци остварен во претходната година,,. Бидејќи во оваа одредба од Законот надоместот за продолжување на лиценцата се однесува за продолжување на лиценцата за продажба на алкохолни пијалоци а не и на други стоки што трговецот ги продава ( бидејќи за нив не му е потребна лиценца) не може како основица да се земе вкупниот промет на сите стоки кои трговецот го остварува во своето работење.

Соодветно на оваа измена потребно е да се измени членот 23-б став 8 точка 1.

Ви благодариме за соработката.

МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ